ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 27-234/8**

**Дата: 04.12.2013**

**ДО**
**ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА УРОЛОГИЈА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за Урологија (во понатамошниот текст Универзитетската клиника) на сметка за средства од Фондот за здравствено осигурување за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на овaa ревизија.

Изразено е мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба во финансиските извештаи и во однос на усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2012 година.

Универзитетската клиника функционира во услови на нецелосност на процедурите и неправилно воспоставени контроли во рамките на процесот на управување со залихите и набавките, што предизвикува значаен дел од залихата која потекнува од минатите години да не е ставена во процесот на здравствените услуги, заради претходно извршените набавки во обем кој ги надминуваат годишните потреби на клиниката, што е спротивно на буџетските начела на ефикасно и економично користење на буџетските средства.

Универзитетска клиника функционира со едно лице, вршител на должност - директор од областа на медицината, но не е именувано лице за организациски директор, а по истекот на законски предвидениот рок не е распишан конкурс за избор на директор како услов за именување од страна на Министерството за здравство.

Донесена е Одлука за плаќање по учинок и исплатена плата по работна успешност без претходно да се изврши измена на Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ (склучен помеѓу Министерството за здравство и Самостојниот синдикат). Според овој колективен договор платата за извршената работа е платата на работникот за полно работно време и нормален учинок која не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одредени степени на сложеност и истиот не го предвидува системот на пресметка на плата и исплата на плата по успешност.

Неправилно и нецелосно е спроведен попис на материјалните средства и залихите што придонело истиот да не може да се користи при усогласување на фактичката и сметководствената состојба, како основа за потврдување на реално и објективно искажување на билансните позиции во Биланс на состојба на ден 31 декември.

Универзитетската клиника во 2012 година има донесено Одлуки за јавни набавки и склучени се договори кои го надминуваат износот на Планот за јавни набавки во износ од 16.578 илјади денари. Склучени се договори кои се реализираат во подолг период од утврдениот рок на важење на договорот од 12 месеци.

Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со Универзитетската клиника во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. За 2012 година Универзитетската клиника има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во износ поголем за 4.926 илјади денари во однос на договорениот лимитиран износ и истите се сторнирани, односно не се признати како побарувања кои треба да се наплатат во наредниот период. Наведеното има влијание врз финансиската состојба на Универзитетската клиника, особено во услови на ненаплатени побарувања од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите.

Плаќањето на извршените здравствени услуги - сервисни услуги помеѓу Универзитетската клиника и другите јавните здравствени установи се врши по референтни цени како максимално утврдени цени на Фондот без да се има предвид поединечно извршените услуги од повеќе јавни здравствени установи во цената на еден пакет на здравствената услуга и без истите да бидат разграничени според учеството на секоја јавна здравствена установа. Во меѓусебните договори на Универзитетската клиника со јавните здравствени установи не е прецизирано фактурирањето и плаќањето на сервисните услуги да се врши само за делот на извршените здравствени услуги со утврдување на поединечно учество на договорните страни во цената на еден пакет на здравствената услуга. Како резултат на вака воспоставен систем на договарање за извршување на сервисни услуги помеѓу Универзитетската клиника и јавните здравствени установи дел од меѓусебни побарувања и обврски не се реални и објективни, што влијае на утврдување на буџетот на Универзитетската клиника.

Универзитетската клиника за набавката и складирање на лекови нема основано организациона единица - Болничка аптека, односно не располага со соодветен кадар како еден од условите за организирање на болничка аптека во рамките на здравствената установа, од причина што не е добиена согласност за вработување на дипломиран фармацевт и покрај доставените барања до Министерството за финансии и Министерството за здравство.

Од страна на одговорното лице на Универзитетската клиника во законскиот рок не се добиени забелешки на констатациите од Нацрт извештајот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани од страна 16 до 18 заедно со ревизија на усогласеност на Универзитетската клиника на сметка за средства од Фондот кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Универзитетската клиника застапувана од:

- Проф. Д-р Живко Попов в.д. директор од 08.07.2008 година до 07.03.2012 година и
- Прим. Д-р Михаил Пенев, в.д. директор од 07.03.2012 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите,

финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Универзитетската клиника се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки на добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на

постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.
При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.4. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.06.2013 до 30.09.2013 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Универзитетската клиника за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на и овластен државен ревизор на ден 19. 09. 2013 година.
Од страна на одговорното лице на Универзитетската клиника во законскиот рок не се добиени забелешки на констатациите од Нацрт извештајот.

### 4.1. Интерни контроли

### Процес на управување со залихи и набавки

4.1.1. Универзитетска клиника има изготвено Прирачник за квалитет со кој се идентификувани и утврдени процесите, постапките и документацијата и во рамките на организационата структура предвидена е реализација на

политиката за квалитет (точка 4.2 од ISO 9001:2008). Врз основа на тоа изработен е Регистар на документи кој се однесува на системот за менаџмент со квалитет. Со Регистарот се утврдени документите и носителите за изработка на истите. Ревизијата констатира дека не постои целосност на процедурите и неправилно се воспоставени контроли во рамките на процесите кои се однесуваат на:

- Управување со болничка аптека за што е изготвена постапка за набавка и складирање на лекови и медицински материјали, но со истата не се опфатени постапките за издавање и евиденција на истите. Исто така, не е предвидено изготвување на постапка за прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите во рамките на другите магацини - организациони единици, што не е во согласност со член 7 од Законот за јавната внатрешна финансиска контрола. Воспоставените контроли не овозможуваат целосност на податоците поврзани со прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихите во рамките на магацините - организационите единици, што создава ризик истите да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите во Билансот на состојба.

- Управување со процесот на набавка за што е изготвена постапка за спроведување на јавни набавки со која не е опфатен начинот на планирање на јавните набавки и реализација на склучените договори за јавни набавки, поради што постои ризик одлуките да не бидат усогласени со планот за јавни набавки и да се вршат набавки кои ги надминуваат годишните потреби за набавки и утврдените извори на финансирање, што не е во согласност со член 26 и член 28 од Законот за јавни набавки. Поради не воспоставени контроли за следење на реализацијата по склучените договори за јавни набавки се создава ризик реализацијата на предметот на набавката да се врши во подолг рок од договорениот, што е потврдено и констатирано во точка 4.4.2. од Извештајот.

- Неправилно воспоставени контроли при набавка и управување на залихите кај Магацин 3 – Сала и Магацин 1 – одделение стационар со што ревизијата констатира дека на крајот на 2012 година Универзитетската клиника има залихи кои го надминуваат износот на годишниот потрошок. Во залихата на ден 31.12.2012 година учествува пренесената залиха од 2011 година, која дел од истата не е користена и во 2012 година, како и дел од набавките спроведени во текот на 2012 година. Наведеното упатува на заклучок дека значаен дел од залихата која потекнува од

минатите години не е ставена во процесот на здравствените услуги, заради претходно извршените набавки во обем кој ги надминуваат годишните потреби на клиниката, што не е согласно на буџетските начела на ефикасно и економично користење на буџетските средства.

**Препорака:**

Раководниот орган на Универзитетската клиника да воспостави организациска структура и процедури со кои ќе обезбеди функционирање, следење и сигурен финансиски менаџмент во делот на набавките и управување со залихите.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Во 2013 година како работоводен орган на Универзитетската клиника назначено е едно лице, в.д. директор од обласа на медицината, но не е именувано лице за организациски директор, што не е согласно со одредбите од член 105 од Законот за здравствена заштита. Исто така, до денот на ревизијата не се презентирани докази дека Управниот одбор постапил согласно одредбите од член 108 од наведениот закон, односно не е распишан јавен конкурс со кои се утврдуваат условите за исполнување на кандидатите за директор. Заради неспроведената постапка од страна на Управниот одбор на клиниката, не е донесено решение за именување на директор од страна на Министерството за здравство.

**Препорака:**

- Управниот одбор да донесе одлука за распишување на јавен конкурс за именување на работоводен орган (директор), а по спроведување на истиот да достави известување до Министерството за здравство.
- Министерството за здравство, заради непречено извршување на дејноста на Универзитетската клиника, да изврши именување на директор како работоводен орган.

4.2.2. За потребите за набавка на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал потребни за вршење на здравствената дејност се изготвува предлог од страна на раководителите на одделенијата и истиот се доставува до директорот, без доказ дека за истото е расправано на седница на Стручниот колегиум, што не е во согласност со член 112 од Законот за здравствена заштита. Во тек е изработка на интерен акт - Постапка за набавка и складирање на лекови и медицински материјал кој се однесува на работењето на болничка аптека со кој исто така не се

опфатени законските одредби за утврдување на потребите од набавка. Ваквиот начин на предлагање за набавка има влијание од неусогласеност на набавките во однос на потребите. Наведеното е констатирано во точка 4.1.1. алинеја 3 од Извештајот.

**Препорака:**

Стручниот колегиум како стручен орган на установата да ги предлага потребите за набавка на лекови, медицински помагала и друг потрошен материјал кои се потребни за вршење на здравствената дејност во писмена форма и истите да ги доставува до директорот.

4.2.3. Со ревизија на начинот на исплата на плати, констатирано е дека Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Урологија на ден 19.06.2012 година донел Одлука за плаќање по учинок, што не е во согласност со Колективниот договор. Имено, донесена е Одлука и исплатена е плата по работна успешност без претходно да се изврши измена на Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ склучен помеѓу Министерството за здравство и Самостојниот синдикат. Според член 6 од колективниот договор, платата за извршената работа е определена како плата на работникот за полно работно време и нормален учинок која не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одредени степени на сложеност, односно со овој член не е предвиден системот на пресметка на плата и исплата на плата по успешност.

За истакнување е дека на почетокот на 2013 година е донесен Анекс за изменување и дополнување на Колективниот договор за здравствена дејност на РМ, потпишан од Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита и Министерството за здравство, но Анексот не се однесува на универзитетските клиники и истиот има примена од 1 јануари 2013 година.

**Препорака**

Управниот одбор при донесување на одлуки да ги почитува Законот за здравствена заштита и Поединечниот колективен договор на членки на самостојниот синдикат на клинички центри и други здравствени организации во РМ.

4.2.4. Универзитетската клиника во текот на 2012 година од ставката Други договорни услуги извршила исплата во вкупен износ од 1.385 илјади денари, врз основа на склучени договори за волонтерство за ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи. Дел од овие договори потекнуваат од 2008 година и продолжуваат и во 2012 година кога нивниот број изнесува 18 лица. На лицата им е исплатено месечен износ на средства кој го надминува утврдениот износ пропишан со Законот за волонтерство. Универзитетската клиника има доставено неколку барања до Министерството за финансии и Министерството за здравство за обезбедување на согласност за вработување на лица во редовен работен однос. Поради необезбедена согласност за вработување на лица во редовен работен однос, ангажирани се лица за вршење на здравствени услуги – медицински персонал и лица за одржување и сервисирање.

Ангажирањето на лица по договор не дава можност истите лица да ги остварат правата од работен однос, односно право на пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување предвидено со член 12 став 2 од Законот за работни односи.

**Препорака:**

Раководниот орган да продолжи со преземање на мерки за обезбедување на согласност за вработување на лица во редовен работен однос.

## 4.3. Финансиски извештаи – Биланс на состојба

4.3.1. При увидот на актите од извршениот попис на средствата и изворите на средствата за 2012 година, ревизијата констатира непочитување на член 19 и член 21 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 11, 29, 30, 31, 34 и 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- Извештајот од Централната пописна комисија не е усвоен во законски утврдениот рок, 20 дена пред рокот пропишан за доставување на завршната сметка до соодветните институции, односно истиот е усвоен на 27.02.2013 година.
- Пописот на постојаните средства и залихите не се врши според сметките каде се распределени и евидентирани во сметководствената евиденција, туку по организациони единици, односно локација каде се сместени истите. На овој начин отежнато, односно не се воспоставени услови за усогласување помеѓу фактичката и сметководствената состојба.

- Извршен е попис на постојаните средства и ситниот инвентар на една заедничка пописна листа без разграничување на истите по категории. Во пописните листи искажана е само утврдената количина без наведување на паричните вредности и инвентарни броеви за секое средство. На овој начин не се обезбедени услови за целосно усогласување помеѓу фактичката и сметководствената состојба на средствата.
- По извршениот попис на постојаните средства и залихите на материјали од страна на пописната комисија не е изготвен рекапитулар и не се утврдени разлики те помеѓу фактичката и сметководствената состојба.

Со нецелосно спроведениот попис на материјалните средства и залихите не се обезбедени услови за спроведување на усогласување на фактичката со сметководствената состојба, како основа за потврдување на реално и објективно искажување на билансните позиции во Биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**

Раководниот орган на Универзитетската клиника да донесе и воспостави процедура за вршење на попис, со која ќе се надминат утврдените слабости и ќе се потврди вредноста на искажаните билансни позиции.

### 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки од 2010 година и 2011 година кои имаат влијание на буџетот за 2012, како и постапките спроведени во 2012 година ревизијата ја констатира следната состојба:

- Универзитетската клиника нема обезбедено податоци за реализација на постапките за јавни набавки по склучените договори за јавни набавки.

- За јавни набавки кои се извршени од страна на економските оператори утврдено е дека Универзитетската клиника во 2012 година има донесено Одлуки за јавни набавки и склучени се договори кои го надминуваат износот на Планот за јавни набавки во износ од 16.578 илјади денари, во услови кога не се обезбедени средства потребни за реализација на договорот, што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки (прилог Преглед бр.1).

- Со одлука за отпочнување на постапка за јавна набавка за хируршки конци од 22.02.2010 година, утврдени се критериумите за избор на најприфатлива понуда. Предвидени се 55 бода за цена и 45 бода за квалитет. Покрај комисијата за јавни набавки со одлуката формирана е трочлена Комисија за проценка на квалитетот на понудените конци составена од лица вработени во Клиниката. Со увид во изготвениот извештај, ревизијата утврди дека бодувањето на квалитетот е извршено од Комисија во друг состав од онаа именувана со одлуката за јавна набавка, без да биде донесено решение за промена на членовите на Комисијата. Исто така, членовите на Комисијата за проценка на квалитетот на понудените конци составена од лица вработени во Клиниката не потпишале изјави за непостоење на судир на интереси. Оваа состојба не е во согласност член 62 од Законот за јавни набавки, поради што ревизијата не се увери во реалноста и објективноста во изготвениот извештај за квалитет, како и дека не постои конфликт на интереси.

- Ревизијата констатира дека реализацијата на договорите за јавна набавка на хируршки конци и медицински потрошен материјал се врши во подолг период од утврдениот рок на важење на договорот од 12 месеци. Имено, поради утврдена поголема вредност на одлуките за јавна набавка во однос на планот истите се реализираат во текот на 2010 година, 2011 година се до склучување на нови договори од 09.05.2012 година.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Универзитетската клиника, да преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби при спроведување на постапките за јавни набавки и доделување на договорите.

**Прифатени и коригирани неправилности од страна на Универзитетската клиника во текот на ревизијата**:

- Извршени се корекции на одделни состојби на сметките од главната книга во 2013 година и изработен е налог со кој е извршено зголемување на вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за износ од 474 илјади денари, а со цел реално и објективно прикажување на билансните позиции.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за Урологија, на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за Урологија, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност

6.1. Согласно одредбите од член 68-а од Законот за здравствено осигурување, Фондот за здравствено осигурување на Македонија како купувач на здравствени услуги склучил договор со Универзитетската клиника во кој се регулирани прашањата за начинот на фактурирање на извршените услуги и начинот на плаќање на истите. Имајќи го предвид износот во склучениот договор кој претставува ограничување на средствата кои се очекуваат да се добијат од Фондот за здравствено осигурување на Македонија и износот на вкупната реализација искажана во фактурите и во месечните извештаи, ревизијата констатира дека не се работи за вистинско купување на извршените здравствени услуги. Наведеното предизвикало до влошување на финансиската состојба на Универзитетската клиника, особено во услови кога има ненаплатени побарувања од Министерството за здравство по основ на извршени здравствени услуги согласно програмите. За 2012 година Универзитетската клиника има извршено здравствени услуги на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во износ поголем за 4.926 илјади денари во однос на договорениот лимитиран износ и истите се сторнирани, односно не се признати како побарувања кои треба да се

наплатат во наредниот период. Во врска со ова потребно е да се истакне дека Фондот и Универзитетската клиника треба да извршат анализа за корекција на договорениот лимитиран износ кој Универзитетската клиника го добива од Фондот како купувач на здравствени услуги заради соодветно вреднување на здравствени услуги кои ги извршува Универзитетската клиника.

6.2. Универзитетската клиника набавката на лекови ја врши преку ЈУ од областа на здравството за потребите на Јавните здравствени установи, Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар Скопје, од причини што немаат основано организациона единица -Болничка аптека, што не е во согласност со член 91 од Законот за здравствена заштита. За вршење на фармацевтска дејност - Болничка аптека со Законот за лекови се дозволува да основаат аптека, доколку се исполнети условите во однос на простор, опрема и кадар. Универзитетската клиника и покрај доставените барања до Министерството за финансии и Министерството за здравство нема добиено согласност за вработување на таков кадар – дипломиран фармацевт, како еден од условите за набавка на лекови.
Врз основа на наведеното, неопходно е Министерството за здравство да преземе иницијатива за вработување на соодветен кадар заради организирање на болничка аптека во рамките на Универзитетската клиника.

6.3. Плаќањето на извршените здравствени услуги - сервисни услуги помеѓу Универзитетската клиника и другите јавните здравствени установи се врши по референтни цени како максимално утврдени цени на Фондот. Референтата цена на сервисните услуги е утврдена како цена на еден пакет во апсолутен износ со вклучени трошоци за сите елементи кои учествуваат во утврдувањето на истата, без да се има предвид поединечно извршените услуги од повеќе јавни здравствени установи во цената на еден пакет на здравствената услуга. Според член 11 став 6 од Договорот за пружање и плаќање на здравствени услуги во специјалистичко –консултативна и болничка здравствена заштита помеѓу Фондот и јавните здравствени установи, здравствените установи се обврзуваат да склучат меѓусебни договори за начинот на фактурирање и плаќање на дополнителни услуги (сервисни услуги) според референтни цени на Фондот како максимално утврдени цени. Во меѓусебните договори на Универзитетската клиника со јавните здравствени установи не е прецизирано фактурирањето и плаќањето на сервисните услуги да се врши само за делот на извршените здравствени услуги со утврдување на поединечно учество на договорните страни во цената на еден пакет на здравствената услуга. Како резултат на вака воспоставен систем на договарање за извршување на сервисни услуги помеѓу Универзитетската клиника и јавните здравствени установи дел од меѓусебни

побарувања и обврски се нереални и објективни, што влијае на утврдување на буџетите на Универзитетската клиника.

Врз основа на наведеното, неопходно е да се иницира активност од страна на јавните здравствени установи даватели/приматели на здравствени - сервисни услуги во соработка со Министерството за здравство и Фондот, за утврдување на поединечно извршените услуги од јавните здравствени установи во цената на еден пакет на здравствената услуга. Исто така, Универзитетската клиника при склучување на меѓусебни договори за начинот на фактурирање и плаќање на дополнителни услуги (сервисни услуги) меѓусебно да договара цени само за делот на извршените здравствени услуги во зависност од поединечно учество на секој учесник во цената на еден пакет на здравствената услуга.

**ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје**
**Сметка на средства од Фондот (737)**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 85,717 | 75,907 |
| **Вкупно приходи** | **85,717** | **75,907** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 24,428 | 25,469 |
| Стоки и услуги | 60,519 | 48,201 |
| **Вкупно тековни расходи** | **84,947** | **73,670** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 770 | 2,237 |
| **Вкупно капитални расходи** | **770** | **2,237** |
| **Вкупно расходи** | **85,717** | **75,907** |

**ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје**
**Сметка на средства од Фондот (737)**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања | 215 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 18 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 31,476 | 35,324 |
| Залихи | 5,914 | 7,369 |
| **Вкупно тековни средства** | **37,623** | **42,693** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 225 | 225 |
| Материјални средства | 130,735 | 149,202 |
| **Вкупно постојани средства** | **130,960** | **149,427** |
| **Вкупна актива** | **168,583** | **192,120** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 29,488 | 33,310 |
| Краткорочни финансиски обврски | 199 | 193 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,788 | 1,821 |
| Пасивни временски разграничувања | 234 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **31,709** | **35,324** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 136,874 | 156,796 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **136,874** | **156,796** |
| **Вкупна пасива** | **168,583** | **192,120** |

**Сметка на средства од Фондот (737)**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **149,427** | **7,369** | **156,796** |
| **Корекции на почетна состојба** | 475 | | 475 |
| **Состојба 01.01.2012 година по корекции** | **149,902** | **7,369** | **157,271** |
| **Зголемување по основ на:** | **6,023** | **23,064** | **29,087** |
| Набавки | 630 | 23,064 | **23,694** |
| Ревалоризација на капитални средства | 5,393 | | **5,393** |
| **Намалување по основ на:** | **24,965** | **24,519** | **49,484** |
| Отпис на капитални средства | 475 | | **475** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 24,490 | | **24,490** |
| Потрошок на залиха | | 24,519 | **24,519** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **130,960** | **5,914** | **136,874** |

*Ревизорски тим* *Овластен државен ревизор*